РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-640/2
22.04 20 21 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Трговско друштво за производство,трговија и услуги САРАЧ ЈТД
Бр. 04/2021
22.04 2021 год.
Кочани

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул."Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев ( во натамошниот текст: **Договорен орган)** и

**2. Трговско друштво за производство, трговија и услуги САРАЧ ЈТД Кочани,** со седиште на ул.I Вера Поповаг бр.14 Кочани , ЕМБС: 5080894, ДБ: 4013993100853, жиро сметка 270-0508089401-63 депонент на Халк банка АД Скопје, застапувано од управителот Сашко Стојменов, (во понатамошниот текст**: Носител на набавката)**

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е:

**Репарирање на столовите во Мултикултурниот центар**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на Оглас бр. 03269/2021, објавен на ЕСЈН, постапка која се спроведува во електронска форма и заврши со е-аукција како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 02.03.2021 год..

*Вредност на договорот*

**Член 2**

**Вкупната вредност на договорот за јавната набавка, опишан во чл.1 на овој Договор изнесува 180.000,00 денари без ДДВ.** Носител на набавката не е ДДВ обврзник.

Во согласност со Извештајот за текот на е-Аукцијата генериран на ЕСЈН, единечните цени се намалени за 10% во однос првично понудените цени и истите се утврдени во табелата подолу:

| Реден број | Назив на производот | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Демонтажа на стол, односно вадење на постоечки материјал | бр | 160 | 90 | 14.400 |
| 2 | Репарирање ( поправка или замена на оштетени делови на столот - сунѓер, шпер плоча, метал, дрво...) | бр | 160 | 90 | 14.400 |
| 3 | Браварски работи (шмирглање на металната конструкција на столот и фарбање со боја по избор на нарачателот, како и монтажа на столовите со штрафење) | бр | 160 | 270 | 43.200 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Тапацирање на столовите со микрофибер 100% полиестер и со тежина на материјал 200 гр. на м² со боја по избор на нарачателот. Столовите да бидат комплет спремни за употреба. | бр | 160 | 675 | 108.000 |
| | | | | **Вкупна цена без ДДВ:** | **180.000** |

Во вкупната вредност на договорот е засметана и вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти.

*Начин и рок на плаќање*

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни.

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 дена од приемот на фактурата со испратницата, за стварно извршени услуги, согласно техничката спецификација.

Доколку доставената фактура не ја содржи придружната документација, истата нема да се реализира и ќе му се врати на Продавачот.

Средствата за реализација на конкретниот договор за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Програма ЕО, ставка 424.

*Начин на извршување на услугите предмет на набавка*

**Член 4**

Носителот на набавката е должен услугите од предметот на договорот за јавната набавка да ги изврши во рок од 60 дена сметано од денот на потпишување на договорот согласно техничката спецификација и прифатената понуда.

Бројот од 160 столови е максимален предвиден, а ќе се наплаќа по број на репариран стол.

**Член 5**

Во текот на примопредавањето ќе се утврдува квалитетот и квантитетот на репарираните столови.

Носителот на набавката е должен во рок од 12 /дванаесет/ месеци, од денот на примопредавањето на изведените работи, без надоместок да ги отстранува сите недостатоци кои произлегуваат од нестручно и неквалитетно изведување на работите.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган.

*Права и обврски на договорните страни*

**Член 6**

Договорниот орган е должен благовремено да ги отстрани сите постоечки проблеми и да обезбеди услови за несметано извршување на услугите предмет на конкретната набавка.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација.

Ако Носителот на набавката не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

*Договорна казна*

**Член 8**

Носителот на набавка ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ - договорна казна, ако:

*- не ја исполни својата обврска, или*

*- задоцни со нејзиното исполнување.*

Договорната казна се определува во износ од:

- 0,5 % од вкупната вредност на овој договор (со ДДВ) доколку носителот на набавката доцни или неурено ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршат во утврдениот рок, но не повеќе од 10% од вкупната вредноста на договорот со ДДВ и
- 15 % од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна ќе се определи врз основа на ст.2 ал.1 или ал.2 од овој член, а ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што договорниот орган веднаш писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор , носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на договорниот орган настаната поради доцнење односно неуредно извршени работи и услуги или неисполнување на своите обврски.

*Времетраење на договорот*

**Член 9**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од **60 дена**, сметано од денот на склучување на овој Договор.

*Применлив закон*

**Член 10**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

*Решавање на спорови*

**Член 11**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред стварно и месно надлежен суд.

*Виша сила*

**Член 12**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 48 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ. По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

*Завршни и општи одредби*

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за носителот на набавката, а 4 за договорниот орган.

**Член 15**

Договорот стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| *за Продавачот,* | *за Купувачот,* |
| *САРАЧ ЈТД Кочани* | *Општина Кочани* |
| *Управител,* | *Градоначалник,* |
| *( Сашко Стојменов )* | *( Николчо Илијев )* |

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки - Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Раководител на Сектор за планирање и развој – Елена Димитровска*